РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-5856/2
13-09-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 74 - та седница одржана на 05.09.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-5856/1 од 13.06.2022 година, против службеното лице ----------, Проректор за -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата не утврди повреди на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во конкретниот случај станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, во конкретниот случај на Државен просветен инспекторат.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 13.06.2022 година, поднесена е пријава против Проректорот за -----------, -------------, по што оформен е предмет со број 09-5856/1 од 13.06.2022 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека постојат нерегуларности и влијание во спроведување на постапка за избор на Ректор на --------, односно Проректор за ---------, ---------- кој конкурирал во постапка за избор на ректор, има дадено лажна изјава дека не е носител на јавна функција, иако во моментот кога конкурирал се уште ја извршувал функцијата Проректор за -----------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што истиот предмет го доставува на надлежно постапување на Државен просветен инспекторат.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: С.М –советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.П.Д – Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска